Дневник, 10.5.2000, 1248, 13

CIX-ГАЛЕРИЈА НА СОРОС-ЦЕНТАРОТ ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ

# Видеоинсталација на Искра Димитрова

Во CIX-галеријата на Сорос-центарот за современи уметности вечерва во 20 часот, публиката ќе може да го види најновото дело на Искра Димитрова, наречено „Binary Contact“.

Делото е инсталација со видеопроекции, во кое функционирање публиката ќе биде вклучена до таа мера што ќе дејствува и на визуелниот изглед на делото и на звукот кој притоа ќе се репродуцира. Во просторијата ќе може да влегува само по еден човек, кој кога ќе го допре делото, се менува проекцијата.

"Допри " - најчесто пишува до поновите дела на авторката, која сака да воспостави подиректна комуникација публика-дело. Комуникацијата е поширока област што во последно време Искра Димитрова ја истражува имајќи ги предвид досегашните и најновите видови комуникација во современото технолошко општество. (О.П.)



Истражување на контактот публика-дело: Од инсталацијата на Димитрова